РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 08-450/1
30 03 2022
ПЕХЧЕВО

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002), а во врска со член 34 од Законот за буџетите (Службен весник на РМ бр.64/2005, 04/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015, 167/2016 и Службен весник на РСМ бр.151/2021), Советот на Општина Пехчево на петтата седница одржана на 30.03.2022 година донесе

# О Д Л У К А

## За проширување на средствата на Буџетот на Општина Пехчево за 2022 година

Член 1

Со оваа одлука се врши проширување на средствата на Буџетот на Општина Пехчево за 2022 година, на следниот начин:

| Потпрограма<br>Потставка | САМОФИНАН. | ДОТАЦИИ | ДОНАЦИИ | КРЕДИТИ |
|---|---|---|---|---|
| **Се зголемуваат приходите на следните потставки:** | | | | |
| 742115 Приходи од европските држави | 0 | 0 | 915.000 | 0 |
| | **0** | **0** | **915.000** | **0** |
| **и се распредуваат на следните расходни потставки:** | | | | |
| **V10 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | | | | |
| 420130 Патување во земјата - сместување | 0 | 0 | 284.000 | 0 |
| 420210 Патување во странство - хранарина (дневница) | 0 | 0 | 171.000 | 0 |
| 420220 Патување во странство - патни расходи | 0 | 0 | 277.000 | 0 |
| 421440 Транспорт на луѓе | 0 | 0 | 47.000 | 0 |
| 425990 Други договорни услуги | 0 | 0 | 105.000 | 0 |
| 426990 Други оперативни расходи | 0 | 0 | 31.000 | 0 |
| | **0** | **0** | **915.000** | **0** |

Член 2

Одлуката влегува во сила од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Пехчево и станува составен дел на Буџетот на Општината за 2022 година.

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска
В.Ѓорѓиевска

| razdel | smetka | programa | konto | iznos |
|---|---|---|---|---|
| 75401 | 785 | A0 | 742115 | 915.000,00 |
| 75401 | 785 | V1 | 420130 | 284.000,00 |
| 75401 | 785 | V1 | 420210 | 171.000,00 |
| 75401 | 785 | V1 | 420220 | 277.000,00 |
| 75401 | 785 | V1 | 421440 | 47.000,00 |
| 75401 | 785 | V1 | 425990 | 105.000,00 |
| 75401 | 785 | V1 | 426990 | 31.000,00 |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 03-475/1
04.04. 2022 год
ПЕХЧЕВО

# ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ на Проширувањето на средствата на БУЏЕТОТ на општина ПЕХЧЕВО за 2022 година**

Врз основа на член 34 од Законот за буџетите ("Службен весник на РМ" бр.64/2005, 04/2008, 103/2008, 156/2009, 95/2010, 180/2011, 171/2012, 192/2015 и 167/2016 и "Службен весник на РСМ" бр.151/2021), а во согласност со член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002) и член 30 од Статутот на Општина Пехчево ("Службен гласник на Општина Пехчево бр. 3/2021), Ви го доставуваме Проширувањето на Буџетот на Општина Пехчево за 2022 година.

Проширувањето на Буџетот на Општина Пехчево за 2022 година е предложено поради потребата од зголемување на Буџетот со дополнително обезбедените средства од склучен договор за донација на сметката на донации на општина Пехчево во програмата за детските градинки за 2022 година.

Општинската јавна установа за деца - детска градинка „7 Септември" Пехчево со потпишувањето на Договорот за донација бр.03-101/21 од 21.03.2022 година помеѓу Plunge Kindergarten „VYTURELIS" (Lithuania) и ОЈУДГ „7 Септември" Пехчево за донација за „Стратешки партнерски проект КА2 н 2021-2-ЛТ01-КА210-СЦХ-000049624" и исплатата на средствата за реализација на договорот од страна на Plunge Kindergarten „VYTURELIS" (Lithuania), Општина Пехчево, односно детската градинка ОЈУДГ „7 Септември" има потреба од проширување на финансискиот план во делот на приходите и расходите на сметката на донации.

Од тие причини во Буџетот на донации се прави зголемување на приходите (на конто 742115 – приходи од европските држави) и расходите (на конто 420130 – патување во земјата – сместување, 420210 – патување во странство – хранарина (дневница), 420220 - патување во странство – патни расходи, 421440 – транспорт на луѓе, 425990 – други договорни услуги и 426990 – други оперативни расходи) во програмата В1 - детски градинки, во вкупна вредност од 915.000 денари.

Анализата на приходите и расходите во буџетот на Општината и планираните реални приходи и расходи за тековната година се земени како основа во проектирањето на Проширувањето на Буџетот на Општина Пехчево за 2022 година.

Соодветно на тоа, Градоначалникот на општина Пехчево достави предлог - Одлука за Проширување на Буџетот на општината за 2022 година до Советот на општина Пехчево за разгледување и усвојување на петтата седница, која е одржана на ден 30.03.2022 година.

04.04.2022 година
Пехчево

Општина Пехчево
Градоначалник
Александар Китански